**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр. 08-551**
**13.01.2020 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 70 став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), согласно член 92 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот, арх.бр.02-182/4 од 13.01.2020 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, странско правно лице „Медија 7 Косово" ЈП од Косово (Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, на 2-та седница одржана на 13.01.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, странско правно лице „Медија 7 Косово" ЈП од Косово претставувано од физичкото лице Енкелејда Шелбурн (наш Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година) за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на Известувањето бр.0805-56 од 08.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-551 од 09.01.2020 година), доставено од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Тетово односно дека нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по електронски пат на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk), на 19.12.2019 година, доставено е

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Писмено барање од заинтересирана страна, странското правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово претставувано од физичкото лице Енкелејда Шелбурн (Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година) за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово (Прилог бр.1 кон оваа Одлука).

Согласно член 70 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободни радиофреквенции, Агенцијата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето од заинтересирана страна, ќе донесе одлука со која истото ќе го одбие.

Во врска со предметното барање од заинтересираната страна, а со цел да добие информација дали согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенции има слободна радиофреквенција за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24.12.2019 година, со Допис – Барање информација (Уп1 бр.08-551) се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (Прилог бр.2 кон оваа Одлука).

На 09.01.2020 година, Агенцијата за електронски комуникации по електронски пат до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Известување во врска со барањето информација за слободна фреквенција за емитување на радио програма на локално ниво за град Тетово, бр.0805-56 од 08.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-551 од 09.01.2020 година) – Прилог бр.3 кон оваа Одлука, во кое меѓудругото е наведено дека врз основа на техничка анализа од страна на Секторот за радиокомуникации и најновите мерења во реонот на градот Тетово, биле регистрирани голем број на радиоемисии од соседните држави со многу високо ниво, како и дека Секторот за радиокомуникации извршил детални технички анализи на радиопростирањето во сервисната зона на градот Тетово. Врз основа на резултатите од анализите и мерењата било констатирано дека за локално емитување на радиопрограма во градот Тетово нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Согласно член 92 став 1 од Законот за општа управна постапка кога со закон е определено управен акт да донесува еден јавен орган по претходна согласност, потврда, одобрение или мислење од друг јавен орган, управниот акт се донесува откако другиот јавен орган дал согласност. Јавниот орган што донесува управен акт е должен во својот управен акт да го наведе актот со кој другиот јавен орган дал или одбил согласност.

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 10[2] и член 70 став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), согласно член 92 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015) член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот, арх.бр.02-182/4 од 13.01.2020 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, странско правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово претставувано од физичкото лице Енкелејда Шелбурн (Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Тетово, на 2-та седница одржана на 13.01.2020 година, донесе одлука истото да се одбие, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Тетово. Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на нејзиниот прием.

**Прилози (3):**
**1.** Писменото барање од заинтересирана страна, странско правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово претставувано од физичкото лице Енкелејда Шелбурн (Уп1 бр.08-551 од 19.12.2019 година);
**2.** Допис - Барање информација (Уп1 бр.08-551 од 24.12.2019 година) до Агенција за електронски комуникации и
**3.** Известување во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за подрачјето на општина Тетово бр.0805-56 од 08.01.2020 година (Уп1 бр.08-551 од 09.01.2020 година) од Агенција за електронски комуникации.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- странското правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово;
- Претставникот на странското правно лице „Медија 7 Косово“ ЈП од Косово - физичкото лице Енкелејда Шелбурн;
- Директорот на Агенцијата;
- сите организациони единици/сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).